УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

ISSN 1857-8713

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# YEARBOOK

ГОДИНА 9 VOLUME IX

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP
FACULTY OF LAW

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

ISSN 1857-8713

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2019

# YEARBOOK
# 2019

ГОДИНА 9 VOLUME IX

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**
**YEARBOOK**
**FACULTY OF LAW**

**За издавачот:**
Проф. Д-р Олга Кошевалиска
**For the publisher:**
prof. Olga Koshevaliska, Ph.D

| | |
|---|---|
| **Издавачки совет** | **Editorial Board** |
| Проф. Д-р Блажо Боев | prof. Blažo Boev, Ph.D |
| Проф. Д-р Лилјана Гудева – Колева | prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D |
| Проф. Д-р Јован Ананиев | prof. Jovan Ananiev, |
| Доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Ph.D Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D |
| | |
| **Меѓународен програмски комитет** | **International Editorial Board** |
| Проф. Д-р Јован Ананиев | Prof. Jovan Ananiev, Ph. D |
| Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Р. Македонија | University Goce Delcev – Stip, Macedonia |
| проф. д-р Јадранка Денкова | Prof. Jadranka Denkova, Ph. D |
| Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Р. Македонија | University Goce Delcev – Stip, Macedonia |
| Проф. Д-р Жан Пол Ленер | Prof. Jean Paul Lehners, Ph. D |
| Универзитет на Луксембруг, Луксембург | University of Luxembourg, Luxembourg |
| Проф. Д-р Аленка Верболе | Prof. Alenka Verbole, Ph. D |
| Универзитет на Љубљана, Словенија | University of Ljubljana, Slovenia |
| Проф. Татјана Петровна Суспицина | Prof. Tatjana Petrovna Suspicina, Ph.D |
| Московска Правна Академија, Русија | Moscow State Law Academy, Russia |
| Проф. Габриела Белова | Prof. Gabriela Belova, Ph.D |
| Југозападен Универзитет | South West University |
| „Неофит Рилски" - Бугарија | "Neofit Rilski", Bulgaria |
| | |
| **Редакциски одбор** | **Editorial Staff** |
| Проф. д-р Јован Ананиев | prof. Jovan Ananiev, Ph.D |
| доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D |
| Доц. д-р Борка Тушевска | Ass. Prof. Borka Tushevska |
| | |
| **Главен уредник** | **Managing editor** |
| Проф. д-р Олга Кошевалиска | prof. Olga Koshevaliska, Ph.D |
| | |
| **Одговорен уредник** | **Editor in chief** |
| Доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska |
| | |
| **Јазично уредување** | **Language editor** |
| Даница Гавриловска-Атанасовска | Danica Gavrilovska-Atanasovska |
| (македонски јазик) | (Macedonian language) |
| | |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |
| | |
| **Редакција и администрација** | **Address of the Editorial office** |
| Универзитет „Гоце Делчев"-Штип | University Goce Delcev – Stip |
| Правен факултет | Faculty of Law |
| ул. „Крсте Мисирков" бб | ul."Krste Misirkov" BB PO.BOX 201 |
| п. фах 201, 2000 Штип | PO. Box 201, 2000 Stip |
| Р. Македонија | R. of Macedonia |

## С О Д Р Ж И Н А :

**ЃОРЃИЕВА Дијана и СТОИЛЕВА Зорица**
ДОКТРИНАТА ЗА ПРАВОСИЛНОСТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ
ВО АНГЛО-АМЕРИКАНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ КАКО
ПОСЕБЕН КОНЦЕПТ НА ПРЕКЛУЗИЈА ........ 5

**ЈОСИФОВИЌ Ивица**
РЕГУЛАТИВАТА 2017/1939 ЗА КАНЦЕЛАРИЈАТА НА
ЕВРОПСКИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ: МЕЃУ ЗАСИЛЕНА
СОРАБОТКА И ЕДНОГЛАСНОСТ ........ 11

**МАЈХОШЕВ Андон и БЕЛОВСКИ Војо**
ИЗВОРИ НА НА МЕДИУМСКОТО ПРАВО ........ 23

**МАКСИМОВА Елена и МАРОЛОВ Дејан**
ЕТИОЛОГИЈА НА ЖЕНСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО ........ 33

**ПОП-АРСОВ Петар**
ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА ........ 47

**САВЕСКИ Дејан**
ПРАВНИ АКТИ, МАТЕРИЈАЛНИ ДЕЈСТВИЈА И ПРОПУШТАЊЕ КАКО
ПРЕДМЕТ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
ПРЕД УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА И ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО ........ 61

**ТОДОРОВА Билјана, СТОЈАНОВСКИ Страшко и ДЕНКОВА Јадранка**
СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО
И СТАВОВИ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ........ 77

**МАКСИМОВА Елена**
**МАРОЛОВ Дејан**

**УДК: 343.91-055.2**
**343.91-055.2:159.9**
**343.91-055.2:316.7**
**343.91-055.2:334.722**

# ЕТИОЛОГИЈА НА ЖЕНСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

**Апстракт:** Со проучување на досегашните податоци познати за причините за женското престапништво, историските и сегашни познавања и феноменологијата на криминалитетот на жената, заедно со нејзино феноменолошко профилирање, подолу ќе се обидовме да ја објасниме потребата од проучувањето на оваа област. Притоа, константно потенцирајќи ги теориите кои се создадени во насока на објаснување на причините зошто жената врши, и пред сè, зошто се впушта во вршење на кривични дела, притоа, неминовно задирајќи во дел од причините кои криминолозите и светските проучувачи ги земаат како појдовна точка при објаснување и разбирање на женското престапништво. Сепак, нагласуваме дека ваквото објаснување и не претставува толку лесна и едноставна работа, особено кога на располагање се имаат „машките“ методи. Криминолошки, анализата на причините за впуштање на жената во криминалитетот, како и за нејзината, добро позната помала застапеност во вкупниот евидентиран криминалитет, е значајно за создавање на издржана претстава за движењето на криминалитетот на жената е особено за неговата прогноза и развој, а со тоа и ефективни механизми за негово превенирање.

**Клучни зборови:** *жена, криминалец, причини, последици, прогноза, теории*

**MAKSIMOVA Elena**
**MAROLOV Dejan**

# ETHIOLOGY OF FEMALE'S CRIMINAL OFFENDINGS

**Abstract:** By studying the current data known about the causes of female offending, historical and current knowledge and the phenomenology of women's crime, combined with the phenomenological profiling, we will try to explain below, the needs for studying this area. In doing so, constantly emphasizing the theories that are created to explain the reasons why woman commit, and above all, why they engage in crime, while inevitably interfering with some of the reasons that criminologists and world take as a starting point in explaining and understanding female offending. However, we emphasize that such an explanation is not so easy and simple, especially when "male" methods are only available. Criminologically, the analysis of the reasons for woman's involvement in crime is important for creating a picture of the woman's crime movement, especially for future prognosis and future development, and thus, for creating effective mechanisms to prevent it.

**Key words:** *woman, crime, causes, consequences, prognosis, theories*

## Вовед

За да може да зборува за било какво разбирање на женското престапништво мораме сестрано да ги разгледаме причините кои би ја навеле жената во вршење на кривични дела. До сега е јасно дека надворешните и внатрешните фактори остават различни импликации кај мажот и кај жената, дека не сето она кое е доволно за мажот да стори кривично дело, е доволно и за жената, па и обратно. Затоа и не би се приклониле само кон одредени теории за ваквото објаснување. Сметаме дека е потребно сестрано разгледување на можните тригер фактори, кои нормално условуваат и одредени последици вредни за разгледување. Единствено доколку сите досегашни учења ги адаптираме кон карактерот на жената и нејзините предиспозиции за социјална адаптација, социјализација и инкриминација, би можеле да створиме некаква слика за движењето на

криминалитетот на жената, неговата прогноза и развој, а со тоа и ефективни механизми за негово превенирање.

Од самите почетоци на криминологијата до денес, помалку или повеќе се фрла светло на жената како сторител на кривични дела. И иако сето тоа е минорно и е оскудно за целосно разбирање, сепак ни нуди претстава за перцепирањето на жената криминалец во даден момент. Генерално, сите проучувачи тргаат од објаснување зошто учеството на жената во криминалитетот е значително помало од она на мажот, а многу поретко од објаснувања зошто врши кривични дела воопшто. Па така, развиените теории се ставени во функција за објаснување на разликите кои придонесуваат за нејзина помала застапеност во криминалната статистика.

Ако криминолошкиот спор се води околу еднаквата распределба или различноста на криналитетот на половите, каузално-теоретскиот спор се води околу биолошките или социолошките обусловености. И ако за првите јасно би можеле да кажеме дека се чисто ендогени фактори за појавата на криминалитетот кај жената, за втората група на причини (социолошки, културни, економски) со доза колебање би кажале дека се, во мера, егзогени фактори (идејни и микрогрупни) од причини што вршат првично промена во карактерот и темпераментот кај личноста, а која резултира со сторување кривично дело. Па, се трга од биолошките предиспозиции кои ги поседува жената, како и физичките и психичките и како истите условиле различни надворешни манифестации кај неа. Потоа, паралелно на постоењето на претходните, престапничкото однесување на жената се поврзува и со социо-културните опкружувања кои ѝ придонесуваат за поинакво однесување, а над сето ова се додава и економска слика, за на крај да се стигне до одреден заклучок за негативните последици кои ги изнудува еманципацијата.

Во насока на целосно доловување на дел од етиологијата, односно причините за женско престапништво, а потоа и последиците кои се неминовни, истата би ја прикажале низ веќе развиените теории, историските и современите. И колку што е потребно да ги земеме сите со резерва, бидејќи секоја индивидуа е засебна и изваjана од разни животни ситуации и искуства, дотолку е попотребно да ги земеме и сите сумарно со цел извлекување на издржано, сестрано објаснување. Во овој дел би ги изоставиле теориите кои се развиени во посовремените феминистички учења, бидејќи тие даваат едно целосно ново светло врз проучувањето на престапничкото однесување на жената, а чија основа се состои од критики упатени кон подолу разработените теории. Сите развиени разбирања за женското престапништво од нивна страна се одметнале преку создавање на критичка мисла, со која се оправдуваат постојните или се оди кон тотален нихилизам и нивно анулирање. Морето од теории кои низ годините задирнале во материјава, со особена внимателност би ги класифицирале во категориите наведени подолу:

## 1. **Биофизички и психолошки теории за објаснување на криминалитет на жена**

Разликата меѓу половите, биолошките природни манифестации кои ја чинат жената, а изостануваат кај мажот, телесната структура како и целокупниот психички импакт кои тие го оставаат врз неа, создале палета на теории врзани за ваквите круцијални индивидуалности. Впрочем, како што и голем дел од објаснувањата кои ги прави историјата за однесувањето на жената во даден момент, се темелат на индивидуалностите кои ѝ ги нуди полот, така и овде, дел од објаснувањата за нејзиното криминогено поведение се темелат на биопсихичките и физичките предиспозиции, со тоа што тие се земаат предвид при објаснувањето - зошто нејзиното учество во вкупниот криминалитет е значително помало од она на мажот?

Ваквото сфаќање е изроедно првично од антрополошкото учење на Ломброзо[1] (Lombrozo) и неговото објаснување за криминалитетот на половите и теоријата за „роден криминалец“. И иако дел од неговите животни заклучоци во ова поле се конфузни, еднострани и неразбирливи, сепак неговата огромна посветеност за наоѓање на етиологијата за криминалиотетот воопшто е клучна и стожерна за развивање на било какви тези понатаму. Слободно би можеле да кажеме дека тој се јавува како родоначалник на ваквата теорија. Екснер (Exner), тврдел дека активноста на мажот и пасивизацијата на жената е природна последица на разликите во половите и дека главна улога во

[1] Чезаре Ломбросо (1835-1909) италијански физичар, психијатар и криминален антрополог кој тврдел дека го открил «родениот криминалец,» за кој верувал дека претставува нов човечки подвид. Ломбросо можеби бил првиот кој ја применил науката при проучување на криминалот и неговата суштинска идеја, односно дека некои луѓе се раѓаат како криминалци;

криминалитетот на жената имаат биолошките фактори[2]. На исто мислење е и Мезгнер (Mezger). Според Сауер (Sauer) криминалитетот на жената е врзан за физичката структура на жената и нејзиниот повик на мајчинство.

Ломброзо детално ја објаснува биофизичката структура на жената во насока на претставување на конекцијата која ја има родовата одреденост во вршењето на кривични дела. Тој поаѓа од тезата дека криминалците се преодредени да бидат тоа уште од самото раѓање согласно нивните биофизички предиспозиции кои ги имаат, како кукаст нос, крвави очи, вовлечен заден дел од черепот, високи образи, големи вилици и сл. Во суштина, Ломбросо верува дека криминалот е наследен и дека криминалците можат да се идентификуваат со физички дефекти што го потврдуваат како атавистички или дивјак. Крадецот, на пример според него, може да се идентификува со неговото експресивно лице, рачна умешност и мали, ситни очи. Вообичаените убијци во меѓувреме имаат студен, стаклен поглед, крвави очи и голем кукаст нос, додека пак силувачите имаат «уши како бокал» (jug ears).[3] Тој наоѓа начини со кој медицината ја става во служба на криминологијата, со цел да даде одговори на одредени родово - криминолошки дилеми. Одредувајќи го местото кое го има жената во природата, и во хиерархијата на животните воопшто, споредувајќи ги репродуктивните процеси со оние кои ги имаат животните и најпростите организми, тој ја елаборира детално целокпната биофизичка комплексност на жената, притоа врзувајќи ја со причините за нејзиното вршење на криминалитет, односно за нејзиното помало вршење на кривични дела. Објаснувајќи ја нормалната жена, Ломброзо и неговите соработници[4] ги нагласуваат следниве биофизички карактеристики како специфични и клучни за женското однесување, а кои се разликуваат од мажите:

- Жената има помало срце за разлика од мажот, кое се должи на помалиот корпус на (физичка) работа која ја врши. Ако просечното срце на мажот тежи 300 грама, женското тежи 250 грама;
- Во телесната конструкција на мажите доминираат коските и мускулите. И покрај тоа што наведуваат умерени разлики кои ги диференцираат расите и нациите, сепак како клучен го земаат фактот, што за разлика од мажот, кај жената во оваа насока доминантни се мастите и врзното ткиво;
- Жените во крвта имаат помалку црвени крвни зрнца за разлика од мажите. Ако мажот просечно има 5,500,000 црвени крвни зрнца, кај жената овој број изнесува 4,900,000. Во однос на белите крвни зрнца се изедначени.
- Жената има помал череп со тоа и, физички, помал мозок. Кај жената средниот окципитален лобус[5] има помала фрекфренција за разлика од мажот. Во однос на разликите кои ги имаат черепот и мозокот, Ломброзо му се приклонува на Ескер во сличностите на женскиот мозок со детскиот. Што повеќе, со оној на новороденче. Имено, Ескер во учењата утврдил дека черепот на жената, во фронталниот дел особено, е посличен на оној на новороденче отколку на оној кај мажот, а најмногу во димензиите. Ситниот лик кој го има во споредба со черепот е карактеристика за дете, а не за возрасен човек. Потоа насоката која ја има челото на черепот е послична според нив со онаа на дете отколку на мажот, кое впрочем го посочуваат и за целосната физиономија на жената. Со што Ломброзо заклучува дека женскиот мозок е многу посличен со детскиот, без оглед на малите специфики кои ги има жената во однос на припадност кон одредена раса или нација, а со тоа истиот тој нуди и многу помалку варијации во однос на машкиот мозок[6].
- Ломброзо дава преглед и на останатите разлики кои ги имаат мажите и жените, посочувајќи

2 Exner, F., Kriminilogije, Berlin, 1949, цитирано според Simonovic, V., Kriminalitet zena, doktorska disertacija, str.130;

3 Mason, E., The 'born criminal'? Lombroso and the origins of modern criminology, 2015, http://www.historyextra.com/article/feature/born-criminal-lombroso-origins-modern-criminology;

4 Lombrozo, C., Ferrero, G., Criminal Woman, The prostitute and the Normal Woman, translated by Nicole Hahn Rafter and Mary Gibson, Duke University Press, Durham and London, 2004;

5 Заден дел од големиот мозок кој ја контролира визијата - https://medicalschoolcom.wordpress.com/2016/03/31/%D1%84%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%BE%D0%B7%D0%BE%D0%BA%D0%BE%D1%82/;

6 Lombrozo, C., Ferrero, G., Criminal Woman, The prostitute and the Normal Woman, translated by Nicole Hahn Rafter and Mary Gibson, Duke University Press, Durham and London, 2004, pg 48-52 ;

притоа дека единствени периоди кога давата пола се слични се во најраниците и во најдоцните години од животот. Менструалниот циклус и неговото започнување е преломниот период кога жената почнува побрз процес на созредвање и пубертет, за разлика од мажот. Нагласува притоа, дека во текот на целиот живот во периодот на менструален циклус жената е неспособна за вршење на физичка и психичка работа, раздразнета е со лош темпeрамет и склона кон изнесување на лаги. Дава гледиште и за менопаузата како животен процес и како таа влијае врз животот на жената во тој момент и понатаму, потоа во гениталната дистинкција која ја имаат половите согласно која жените се пофрустрирани, потврдувајќи ја притоа Дарвиновата теза за „вториот пол". Понатаму ги опфаќа белеењето на коса, ќелавста и сето она кое чини било каква родова индивидуалност со детални медицински и статистички објаснувања, историски и географски.[7]

- Смета дека постои и сетилна разлика меѓу половите. Имено, органите од кои зависат сетилата кај жените се различно распоредени и во различна форма и димензија, очите се помали, носот и ушите пократки и сл., што нормално се одразува на сетилната развиеност и способност.
- Чувствителноста и сензитивноста кај нормалната жена, Ломброзо ги разгледува од неколку аспекта. Ја потенцира разликата кај сексуалната чувствителност со мажот, за која вели дека кај жената е условена од вниманието кое го има и моменталното расположение, и сексуалните нагони не и се независни како кај мажот. Отпорноста на болка која ја има жената, а која доаѓа до израз во текот на менструалниот циклус, бременоста, раѓањето, доењето и сл. е многу поголема одошто кај спротивниот пол. Брзото повторно забременување и раѓање, непосредно по претходносто, Ломброзо го истакнува како нешто што маж никогаш не би го направил пак доколку еднаш почувствувал таква болка, преку тоа заклучува дека жената помалку чувствува, исто како и што помалку мисли во однос на мажот[8].
- Во однос на моралната чувствителност, нагласува дека истата е со послаб интензитет кај жената одошто кај мажот. Кај неа е забележан послаб емотивен интензитет и поголема доза на отпор и толерантност. Се смета дека, и покрај тоа што е помалку сурова одошто мажот, сепак кај неа суровоста надвладува над сочувствителноста. Поодмаздољубива е, што е со доста поголем интензитет кога истото е насочено кон друга жена. Сепак, овие две чувства ретко видливо се надвладуваат едно со друго и во главно коегзистираат кај жената, резултирајќи со постојана нестабилност во карактерот и брзо менување на расположенија од една екстремност во друга.
- Мајчинството ја прави супериорен пол во однос пак на алтруизмот, кој притоа го засилува. Љубовта која ја развива во овој период од животот, Ломброзо и соработниците ја врзуваат со потребата од заштита на послабите (во случајов децата и новороденчињата). Мажот, од друга страна, нагласуваат, дека е склон кон елеминирање на послабите, а величење на појаките. Затоа во одгледувањето на деца е далеку по инфериорен од жената.
- Интимната љубов ја сведуваат како чувство кое и се изродува од мајчинството, односно претставува негов секунадрен аспект. Двата пола имаат особено различна перцеција за убавото и привлечното. И додека критериумите по кои се раководи мажот за дефинирање на убавото и привлечното, се горе долу „таксативно набројани" и секаде и лесно впечатливи, секоја жена нема постојани критериуми и со постојан интензитет. Бирајќи го партнерот таа се приклонува и кон физичките, што повеќе и кон карактерните особини на мажот. Но, често бира физички појак маж, дури и брутален, со цел за задоволување на потребата од сигурност и заштита, дури и по цена во иднина да биде и повредена од него. Злобните мажи, како што ги именува Ломброзо, често ја бираат итрата жена, но не толку за интимна врска колку за нејзино претворање во адекватен партнер во криминалот.

Земајќи ги во предвид ваквите карактеристики кои ја предодредуваат нормалната жена, Ломброзо и неговите соработници нагласуваат дека жената криминалец е многу посурова од мажот. Во однос на надворешниот изглед, се смета дека има помал череп пак дури и од нормалната жена, темна коса, пониска е и збрчкана. Има поголеми секусални апетити од обичната жена и е нескромна. Жените кои вршат кривични дела од страст, според учењата и експериментите

[7] Ibid, pg.52-57;

[8] Ibid, pg. 64;

на Ломброзо, имаат пониски вилици и поитри се за разлика од нивните машки партнери.[9] Криминалната жена според него е хермафродит кому му недостигаат „природните“ женски инстинкти. Машките квалитети кои ги поседува жената криминалец антрополошки и психолошки ја попречувале и во развивање на мајчински инстинкти и чувства[10]. Во однесувањето на женските престапници Ломброзо тврдел дека лежи наследен девијантен диспозиционен потенцијал кој не се разликувал многу од оние на жените кои се занимавале со проституција. Вкупниот низок удел на жената во сторениот криминал сметал дека најдобро се објаснува со тоа што за жената, проституцијата била замена за престапот[11]. За оваа група на криминолози проституцијата била третирана единствено како женски криминалитет par excellence.

Ваквите учења и покрај сериозните критики кои ги претрпеле и трпат до денес, оставиле простор за нивна натамошна разработка. Полак, Томас, Ковие и други истакнати криминолози продолжиле да ја развиваат идејата за недостигот на “Y” гонозомот и неговото влијание во помалото оддавање на жената на криминалитет, како и на хормонот адроген кој се врзува со намалената агресивност кај жената. Слично и Фројд, своите објаснувања, пак, за учеството на жената во криминалот воопшто, го темели на био-психолошки теории. Недостигот на машки полов орган, фрустрациите кои ја следеле и љубомората според него биле клучни за нејзино впуштање во криминал[12]. Тој смета дека сите жени патат од ваква завист, но дека повеќето успеваат да носат рационални одлуки и покрај постоењето на ваквото чувство во нив[13].

Сè уште се јавуваат ставови и продлабуваат мислења согласно кои учеството на жената во криминалот зависи од душевниот живот на жената кој е условен од влијанието на споменатите телесни кризи кои ги трпи (менструалниот циклус, бременоста, пораѓајот, доењето и менопаузата). Потоа, кон ова се препишуваат и плашливиот каратер кој го има, отсуството на склоноста кон уживање на алкохол, пасивноста, помалата агресивност и слаба самодоверба, чувството на акцесорност и беспомошност како и помалата способност за прилагодување на своите злосторства[14].

Телесните манифестации кои ја чинат жената жена, Хентиг (Hentig) ги објаснува како поттикнувачи на одредени криминални дејанија. Имено, смета дека *менструалниот циклус* кај жената доведува до поголема нејзина раздразнетотст кои водат кон вршење на злосторства против личноста, подметнување на пожари, и до појава на клептоманија. Во овој период, тој смета, дека жената е склона кон вршење на настрани дејствија или пропуштања на нејзините интимни односи, па често е жртва која често поттикнува напад и која го заведува заводникот. *Бременоста* ја поистоветува со постојана психоза на поспаност, која изродува посебни желби и реакции, како ситни кражби и сл. За пораѓајот, Хентиг смета дека истиот не е од големо значење за криминална настроеност на жената (освен убиство на дете при пораѓање кое според него е се поретко), од причини што жената е исцрпена, губи многу крв, има зголемена телесна температура и доживува целосна телесна криза. *Доењето* го смета како фаза на restitution in integrum кога жените со епилептични и хистерични диспозиции можеле да станат крајно незауздливи. За времето на *менопаузата*, тој смета дека жената е склона кон запаѓање во депресија и вршење самоубиство. Бидејќи овој период од животот жената го врзува со замор, раздразливост, нарушување на мислњето и моморијата, смета дека истите се клучни за семејни раздори и насилства во семејството, па голем дел од кривичните дела кои ги врши се или во овој период или периодот кој му претходи.[15]

Шепаровиќ (Šeparović), разработувајќи ја инволвираноста на жената во криминалитетот, а приклонувајќи се кон биофизичките и психолошките теоретизирања, наведува дека

---

[9] Цитирано според Mason, E., The ‘born criminal’? Lombroso and the origins of modern criminology, 2015, http://www.historyextra.com/article/feature/born-criminal-lombroso-origins-modern-criminology;

[10] Britton, M., D., The Gender of Crime, Rowman & Littlefield publisher, inc., 2011, pg. 43;

[11] Lombrozo, C., Ferrero, G., Criminal Woman, The prostitute and the Normal Woman, translated by Nicole Hahn Rafter and Mary Gibson, Duke University Press, Durham and London, 2004, pg. 76;

[12] http://law.jrank.org/pages/1251/Gender-Crime-Explaining-female-offending.html;

[13] Gender and crime: explaning female offending, http://law.jrank.org/pages/1251/Gender-Crime-Explaining-female-offending.html (последно пристапено на 25.08.2017);

[14] Hans von Hentig, 1959, цитиран според Сулејманов, З., Македонска криминологија, Графохартија, Скопје, 2000, стр. 440;

[15] Ibid

криминалитетот на жената се објаснува поаѓајќи од нејзиниот душевен склоп. Имено, во оваа насока тој наведува дека таа не е помалку, туку поинаку надарена, дека поседува помала логика, и затоа женски генијалци има значително помалку. Дека ѝ недостига објективност како и чувство за време и простор, дека со жените владеат чувствата во поголема мера одошто со мажите, па полесно се возбудуваат. Сепак жената може да биде посурова, љубовта и омразата кај неа заземаат посилен интензитет. Покажува поголема склоност кон неискреност и претерување, има чести хистерии и како што е физички послаба, таква ѝ е и волјата и активноста.

Феминистичката критика која се развива децении подоцна не ја изоставува и ваквата биолошко-психолошка слика за жената престапник и нејзината основа во разбирањето на женското престапништво дотогаш. Во овој контекс е наведено дека додека критичката криминологија ги испитувала претпоставките за позитивизам како дел од објаснувањето на криминалот на мажите, заборавила да укаже колку таквите претпоставки се застапени во научните концепти за жената сторител на кривични дела. Имено, додека анализите на класната поделба, државната контрола и политичката природа на девијантноста стекнале кредибилитет, учењата за криминалот на жената останале да бидат вкоренети во сфаќањата за биолошки детерминизам и некритичен став кон доминантните сексуални стереотипи за жената[16]. Теориите на Ломброзо и Полак, освен што се наведуваат како еднострани и недоволни за разбирањето на жената криминалец, се сметаат и за навредливи во одредена мера и сексистички. Преку нив се нагласува дека жената е претставена искривено и маргинализирано, што повеќе дека ја потврдува феминистичката теза за дотогашното проучување на жената - престапник низ призмата  на машката криминологија. И додека Ломброзо го нагласува пореткото вклучување на жената во криминалитет, особено насилниот, како резултат на природата на женската конституција, нагласувајќи дека извршување на убиство бара физичка и психичка сила комбинирани со енергија и силни интелектуални способности кои жените ги поседуваа значително помалку од мажите, и трга од биолошките разлики на половите, феминистичкитре учења на Адлер и Симон тргаат од родот како социолошка категорија. Помалата застапеност ја гледаат низ призмата на половата разлика, која нормално како билошка категорија жената ја носи со себе, но како резултат на родовото фаворизирање на мажот и инфериорните позиции на жената во општетството се јавува и помалата застапеност на жената во вкупниот криминалитет[17].

Преку потенцирање на разлики меѓу полот како билошка карактеристика и родот како социолошка определба, доаѓа до формирање на нови учења за криминалитетот на жената, кој ја надминуваат „модерната“ криминологија на Ломброзо и следбениците, како еднострана и недоволна за целосно разбирање.

## 2. Социо-културни теории за објснување на криминалитет на жена

Во напорите за објаснување на различното полово оптеретување со криминалитетот, на споменатите биолошко - антрополошки теории им се спротивставуваат општествените, односно социо-културните објаснувања за положбата на жената и нејзините можности за престапништво. Биолошките објаснувања потфрлуваат онаму каде треба да се објасни зошто оптовареноста на женското престапништво е различна во текот на историјата и врз меѓународен план. Ниту една природна биолошка константа не може убедливо да даде објаснување за историско -географските индивидуалности кои постојат, а притоа постојано ги нагласува и проучува (пр. Ломброзо). Просторно и временски условените варијации даваат слика за специфични социокултурни условености кои придонесуваат кон обидот за разбирање за пројавувањето на криминалитетот на жената, како неговата помала застапеност во вкупниот, така и забрзаниот раст кој го следи во последните децении.

Привrзаниците на теориите за диференцијална социјализација сметаат дека вистинската причина за нискиот удел на жената во криминалитетот може да се објасни само од аспект на теоријата на улогите, односно на теориите за социјализација. Тие тргаат од тоа дека однесувањето на жените во општеството, до сега само делумно се изендачило со однесувањето на мажите. Сметаат дека различната половоспецифична улога на жената е цврсто вкоренета во нашата култура.

[16] Smart, 1976 цит. според Хајденсон, Френсис, Гелсторп, Лорен, Половите и Криминалитетот, Оксфордски прирачник за криминологија, Нампрес, Скопје:2010, стр.383;

[17] Britton, M., D., The Gender of Crime, Rowman & Littlefield publisher, inc., 2011, pg. 30;

Пред Втората Светска војна, обврските на жената биле сконцентрирани во домот и неговото одржување. Нејзината општествена улога се поклопува во целост со улогата која ја има во рамки на семејството. Шие, готви, пере и сл., помага при породување, а во поодминатата возраст се претвора во „мудра старица". Нејзините деца ги одгледува и воспитува сама. Со стапување на сцена на Втората Светска Војна, мажите морале да ја остават зад себе општетвената секојдневна улога на надворешен снабдувач на семејството и да заминат на боиште. Во тие моменти жената започнува да излегува поактивно надвор и да го проширува своето општествено движење. Ја превзема во свои раце работата на мажот и обезбедува за семјеството. Здобива поголемо животно искуство, се едуцира и има поголема слобода во движењето.

Зголемената либерализација во движењето донесува со себе и зачестување на криминогени дејствувања. Со завршувањето на војната, жената породолжува да е рамноправно активна во општетсвениот живот со мажот. Сепак, не доаѓа до намалување на домашните обврски кои ги има, туку над нив ги надоврзува општествените. Се зголемува стресот кај жената, а со тоа и се раѓа погодно поднебје за престапничко поведение. Либерализацијата на движењето на жената ѝ дава нови можности за извршување на кривични дела надвор од нејзината комфорна зона, домот. Во тој период таа добива можност да врши кривични дела и на територијата на мажот, а тоа е работното опкружување. Според дел од теоретичарите (феминистичките студии) како што жената се изедначува со мажот на професионален план, така растат и нејзините можности за вршење на криминалитет. Колку повисоки професионални позиции имаат, толку искушението и можностите за вршење на криминалитет се зголемуваат[18]. Зголемувањето на граѓанските права на жената придонесува за натпреварување на жената во професионалниот живот со мажот во обид за превласт, па така неминовно и во криминалитетот.

Уште од раѓањето нејзе ѝ е предодредена различна социјализација. Ѝ се наметнуваат различни модели на однесување, мотиви, ставови специфични за нејзиниот пол. Третманот кој го добива во домот и од општествените институции надлежни за нејзино воспитување создава контрола и над најзиното слободно време. Според Шнајдер (Schneider), од самиот почеток за девојките се поставуваат посебни барања, очекувања, награди, адаптирани кон полот со што се одредува и репертоарот на однесување на жените од самиот почеток, како и формалните и неформалните инстанции во однос на женското однесување, а со тоа и реакцијата кон девијантното поведение. Поголемата заштита која им се дава на девојките, според него, значи и поголема контрола врз нив[19]. Ваквата интензивна социјална контрола која се врши врз девојките, директно влијае и врз деликвенцијата, од причини што на жената уште во раната возраст и е оневозможен пристапот кон нелигитимни средства. Очекувањата кои ги наметнуваат општествените маргини врз девојките дејствуваат заузудвачки во однос на нејзините општествени манифестации. Затоа и низ историјата, пројавувањето на однесување кај девојките кое е различно од општествените очекувања, секогаш е третирано како недозволиво, погрешно и истото е санкционирано (пример – во ран среден век, па сѐ до почеток на ренесансата, занимањето на девојките и жените со уметност, учество во социјалниот живот, во политика и сл. било недозволиво и изедначувано со вештерство). Одтаму, девојките во поголем дел се движат во насоките кои им се поставуваат уште во детството, плашејќи се од општествената осуда доколку не ги задоволат очекувањата. Затоа, според социолошките концепции, и е очигледната помала инволвираност на жената во вкупниот криминалитет.

Притоа, Сулејманов смета дека поради ваквата социјална положба која ја има жената е помалку изложена на влијанието на објективни фактори и на такви конфликтни односи кои би се разрешиле преку вршење на кривично дело. Изолираноста на жената од социјалните конфликти кои изродуваат нездрави односи, имаат рестриктивно дејство кое, според него, попушта во мера во која жената се вклучува во општествените текови на животот[20]. Исто така жената во голема мера отсуствува од бројни социјални активности кои влијаат врз нејзиниот општествен статус и врз формирањето на нејзината личност. Улогата на мајка и домаќинка кои ги зазема во одреден дел од животот сами по себе ја одвлекуваат од тековните општествени ситуации, а со тоа и се

[18] Симон 1975, Адлер 1975;

[19] Schneider, 1987 цитиран според Кајзер, Г., Криминологија, Александрија, Скопје, 1996, стр.376;

[20] Сулејманов, З., Македонска криминологија, Графохартија, Скопје, 2000, стр. 441-442;

стеснува и можноста од навлегување во конфликти и деликвентни однесувања. Со наметнувањето на општествените очекувања од неа за задоволување на овие улоги, кај неа се создава состојба на значително помала изложеност на дејството на објективните криминогени фактори и е изолирана од средини во кои преовладуваат нарушени меѓучовечки односи.

Ваквите социолошките теории, според Кајзер (Kaiser), имаат во себе три концепции кои се разгледуваат: теоријата на еманципација, ставот за економските потреби и изменетата социјализација и неформалната социјална контрола, што ги вклучуваат и изменетите можности и проширени простори за дејствување на женскиот пол. Компактно и заедно, сите тие ги чинат објаснувањата за влијанието на социјалното учење врз учеството на жената во криминалот. Прествртот кој жената го прави по последните децении со поголем интензитет во рамки на нејзината социјална инклузија и нејзиното социјално изедначување со мажот, од општествена инволвираност до пристап кон пороци, се смета дека се најадекватното објаснување за порастот на учеството на жената во вкупниот криминалитет во последниве години.

Ваквите теории одредени истражувачи ги поврзуваат и ги надградуваат на претходно изнесените биолошко-психолошки теории. Така и Полак (Pollak)[21], е првиот истражувач на темава кој вели дека вкупното застапено женско престапништво во однос на криминалот генерално е правопропорционално со нејзината застапеност во вкупната популација воопшто. Смета дека нејзиното учество е доближано до машкото престапништво, но видовите кривични дела кои таа ги врши (абортус, кражба при проституција, кражба во продавници, кражба на домови) се или прикривани како резултат на „машкото витештво", или прикривани поради срам од страна на мажите-жртви, занемарени или прикирени од органите на прогон и сл, како резултат на поставените општествени стандарди. Во објаснувањето на учеството на жената во криминалот, Полак ја нагласува потребата од проучување на социолошките и општествените фактори како сиромаштијата, живот во пренаселени домови, растурени домови, интимни партнери одадени на деликвенција како и негативните ефекти од времето поминато во воспитно-поправни домови.

На американското поднебје, еден од истакнатите социолошки криминолози е Мертон (Merton), кој во триесетите години на минатиот век ја развил „теоријата на вирусот", со која ја потенцира нееднаквата социјална структура во обид за објаснување на престапнчкото поведение. Тој сметал, дека неможноста од легален пристап до образование, добро платени работни позиции и сл. можат да се свртат кон вршење на кривични дела за задоволување на животни потреби. Во оваа насока и Сатерленд (Sutherland) развил слични ставови. Застапувајќи ја теоријата за диференцијална асоцијација, тој тврдел дека и криминалот, како и секое друго социјално однесување, се учи токму во општествени рамки. Ривалски тези, во рамки на социолошките, а сепак надополнувачки на претходните, даваат и објаснувања за криминално поведение како резултат на феноменот „соседство" и неговото влијание, како и врската помеѓу него и индивидуата. Сепак на сите овие теории од денешен аспект им се приговара дека тргаат од машки аспект. Тие се изродени врз база на однесувањето на мажите кои го следат „Американскиот сон" и колку и да можат да се аплицираат на жените, сепак се изваjани по машки терк[22].

Сумирано, социо-културните теории сè уште ја задржуваат едностраноста при објаснувањето, за кое се приговара и кај претходната група на биолошки теории. Еднострано свртување при објаснувањето на целокупниот криминален ангажман на жената, низ призмата на машката криминологија, е не само недоволно туку и недопустливо. Поентата која ја акцентираат овие теории иако не смее да се занемари, сепак може да има ефект само доколку се стави во соодност со останатите наведени причини и објаснувања, и тоа гледајќи не толку низ „женска криминологија" колку низ една објективна криминологија. Нормално, не го негираме постоењето на огромно надворешно влијание во поттикнување на криминогени однесувања. Социјалната инклузија и социјалната ексклузија знаат да имаат огромна стимулативна улога во градењето на менталната стабилност на личноста како и во оформување на нејзините ставови кон криминалитетот. Жените кои најчесто и се јавуваат како престапници, особено оние кое спаѓаат во групата на повторници, најчесто и потекнуваат од семејства со ниски примања, оскудно образование и минорен статус,

---

[21] Pollak, O., The Criminality of Women, Philadelphia: University of Penssylvania Press, 1950;

[22] Britton, M., D., The Gender of Crime, Rowman & Littlefield publisher, inc., 2011, pg. 35-36;

а не ретко имаат и деца кои зависат од нив[23]. Сепак нивната секунадарна, подредена улога во оштетството, од која започнува и Адлер[24] во нејзините објаснувања за криминалитетот на жената, а прикажана преку примарната улога на Адам во семејството и второстепената на Ева, за жал постои и до денес и не смееме да ја занемариме при севкупните обиди за разбирање.

**2.1. Економски теории за објснување на криминалитет на жена**

Материјално – економските прилики го обусловуваат настанувањето на секој криминалитет воопшто, па и на оној кај жената. Неговото објаснување, нејзиниот поттик за впуштање во вршење кривични дела, како и нејзиното задржување во престапничките дејствувања воопшто, делумно е дадено и преку економските теории. И колку и овие теории да се преплетуваат со оние каде причините за нејзиното криминално поведение се бараат во сплетот од социо – културни влијанија, сметаме дека би требало да се издеференцираат затоа што ваквите ставови и причини многу повеќе се поистоветуваат со етиологијата на вкупниот криминалитет одошто претходните. Тука, и покрај тоа што постојат и ги има, сепак помалку од било каде се чувствуваат половите спецфичности и разлики во објаснувањето и се доаѓа до доближување на причините за вршење на криминалитет. Имено, теориите кои се надоврзуваат на Жан Валжанското „општетството раѓа криминалци“, ги наоѓаат причините за создавање на криминогените побуди во начинот на кој општественото уредување влијае врз поединецот, особено во материјална и економска смисла.

Под економски (не)прилики кои создаваат атмосфера за криминално однесување се подразбираат поседувањето имот, односно средства за живот, како и напорната работа која нив ги обезбедува, можноста на луѓето за друштвена поделба на трудот (односно дали се вработени, на кој начин стигаат до егзистенцијалните средства, со сопствен труд или сл., на што трошат и сл.), потоа начинот на штедење и дали вооопшто го практицираат и најбитно, како материјално - економскиот статус се одразува на нивниот друштвен и социјален живот. За жената најголем проблем со кој се соочува во процесот на еманципација е економската независност. Имено, и покрај политичко - правната рамноправност до која се има изборено жената, во голем дел од земјите од светот сè уште е присутна нејзината економска потчинетост на мажот. Поради нејзините обврски во домот и семејството, таа спаѓа во категоријата на потрошувачи наместо на производители и се смета за некреативна. Неретко, поради ваквата економска акцесорност која ја има, трпи и злоставување кое најчесто завршува со вршење на убиство, во кое жената го гледа и едниствениот излез од ситуацијата. Опцијата за нејзино излегување од заедницата и изгледа понедостапна поради губење на економската сигурност која во рамки на заедницата ја има.[25] Приврзаниците на теориите врзани за економско – материјалните прилики и криминалитетот, често прават и една дигресија и ја условуваат криминогената положба на жената со нискиот степен на образование кој се јавува поради лоша економска состојба и необезбеденото соодветно образование, кое пак се одразува на нивното натамошно занимање и (не)вработеност.

Зборувајќи за економските теории, за причините за постоењето на криминалитетот и девијантноста воопшто, наидуваме на размислувања за постоењето на потребата од засебно разгледување на оваа теорија или пак во склоп со социолошката. Сепак оние кои ги издвојуаат како засебна теорија за објаснување на причините[26] издвојуваат три клучни економски модела, во кои може да се објасни криминалот како општествен проблем: рационалниот модел, сегашно - ориентиран или кратковид (миопик) модел, и радикалниот политички економски модел:

1.Врз основа на анализа на трошоци и придобивки, одлуката на поединецот да се вклучи во криминал во рационалниот модел е конзистентна на краток и долг рок. Лицата кои се оддаваат на вршење кривични дела се смета дека се рационално – одлучни лица кои пресметале дека крајниот исход би им бил поисплатлив од почетниот „влог“ и дека извршувањето на кривичното дело би се исплатело на долги стази. Овој модел има историска димензија и датира од осумнаесетиот

[23] Schwarts, J., Steffensmeier, D., The nature of female offending: Patterns and Explanations, Jones and Barlett Publisher, pg.57, 58, http://www.jblearning.com/samples/0763741159/Ch2_Female_Offenders_2e.pdf;

[24] Види повеќе кај – Armentrout, E., An Analysis Of Adler's Theory And The Female Criminal (master thesis), University of North Texas, 2004, pg. 16;

[25] Константинович-Вилич, С. Жене Убице, Градина, ГРО „Просвета“, Ниш 1986, стр.107;

[26] Anupama, J., Economic Theories of Crime and Delinquency, Journal of Human Behavior in the Social Environment, School of Social Welfare, University of California at Berkeley, Berkeley, California, USA, 2011;

век, со родоначалници филозофи – Бекарија (Beccaria) и Бентам (Bentham). Бентам смета дека профитот на кривичното дело е силата која го поттикнува човекот за вршење на кривини дела, а болката од казната е онаа која би го одвратила. Она кое повеќе натежнува во даден момент е она кое победува кај човекот. Па ако се земе во предвид дека не секогаш профитот е паричен, туку може да се состои во душевна сатисфакција, физички профит или сл, а запретената казна се состои од целокупниот ризик од приведување, одмерување на казна и сл., се смета дека секој криминалитет се врши со цел да се добие одреден профит, притоа, пресметливо, знаејќи ги и прифаќајки ги последиците. Што значи, вака поставените економски теории не ги побиваат биолошките, социолошките и останатите, сепак сметаат дека индивидуата рационално избира од опциите нејзе достапни. Приврзаниците овде се надоврзуваат на теоријата за "opotrunity cost" или опортунистички трошок, што би претставувал секоја придобивка која лицето ја има преку превземање на алтернативно дејствие (next best thing), со што сметаат дека превземаниот ризик со вршење на криминалитет е разумна одлука донесена со пресметан опортунистички трошок. Намалувањето на криминалитетот согласно овој модел е можен доколку дојде до зголемување на "трошокот", односно на последиците долгорочно од извршениот криминал.

2. Сегашно-ориентираните лица, сепак, се фокусираат на краткорочните придобивки без особена грижа за долгорочните последици од нивните постапки. Криминалецот кој се однесува на миопичен начин, ирационално и импулсивно се објаснува преку овој економски модел. Имено се смета дека лицето придава поголема тежина на сегашноста одошто на иднината. Го земаат за нерационален, затоа што сметаат дека лицата донесуваат одлуки кои не се временски константни и доследни. Промената која настанува различно се ефектуира во различна временска единица. Додека разионалното лице прави споредба помеѓу сегашните и идните придобивки и донесува одлука врз база на заклучокот кој го влече одтаму, за лицата криминалци објаснети преку овој модел се смета дека запретената казна, заслепено, скоро и да не ја земаат во предвид, сметајќи ја за далечна последица, додека моменталниот исход, бидејќи е временски близок, го чувствуваат и го сметаат за релевантен при носење на одлука за вршење на кривично дело. Со оглед на тоа дека, според овој модел, криминалецот е кратковид во донесувањето на одлуката за вршење на кривични дела, како начин на намалување на криминалитетот од овој агол, сметаат дека е намалување на моменталните бенефити или зголемување на моменталните последици, односно трошоци од вршењето на криминалот.

3. Радикалниот-политички економски модел се фокусира на следниве клучни политички и социо - економски фактори кои го поддржуваат криминалот: релативна депривација, сиромаштија и нееднаквост, невработеност и класен конфликт. Лицата кои се опфатен со овој модел, а вршат криминал, се смета дека се фокусираат првенствено на одлука за алоцирање на времето меѓу законските и незаконските постапки. Радикалните политички економски модели, се фокусираат на клучните политички и социоекономски фактори кои го поддржуваат криминалот. Клучните фактори во овој модел се споменатите релативната депривација и начините на кои истата ја стимулира личноста, сиромаштијата и нееднаквоста, невработеноста и класата, кои како фактори меѓусебно се поврзани. Преку нивното заедничко дејствување се оформува одлука кај индивидуата за сторување или несторување на криминално дејствите, па дури и за негово продолжување. Типовите на кривични дела, начините на кои се вршат, интензитетот и сл., се должат ан припадноста на одредено лице во одредена класа, општетвените влијанија од аспект на пристапот до работа и богатство и сл. Па тука би ги поместиле криминолошките ставови (Милутиновиќ) според кои богатството може да изроди криминал од причини на изобилство и презаситеност, кој пак е следен со висока темна бројка. Но, како антипод на ваквите теории се јавуваат оние (Бонгер) согласно кои злосторството е последица на неповолните услови за живот кои ја извртуваат човековата природа, а кое резултира преку развојот на капитализмот и економското уредување.

Бекер (Becker)[27] бил првиот кој го поставил аргументот на Бентам во рамки на економската теорија на криминалот, во неговиот суштински труд за криминалот и казнувањето во 1968 година. Бекер тврди дека една корисна теорија за објаснување на криминалното однесување може да се ослободи од посебните теории за аномија, психолошки несоодветности или наследноста на

[27] Becker, G., Crime and Punishment: An Economic Approach, Essays in the Economics of Crime and Punishment, University of Chicago and National Bureau of Economic Research, 1974, http://www.nber.org/chapters/c3625.pdf;

посебни особини и едноставно да се прошири економската вообичаената анализа за изборот. Неговиот статичен модел објаснува дека поединецот во еден временски период донесува одлука за вршење на кривично дело. Бидејќи во даден момент индивидуата ги нема совршените податоци, а прави процена на бенефитот кој го добива наспроти трошоците, самиот се обидува да ги максимизира очекуваните придобивки. Тој смета дека поединецот би сторил кривично дело само доколку смета дека бенефитот ќе го надвага трошокот. Примарниот фокус на моделот на Бекер е ефектот на одвараќање кој го има системот на кривичното право во овој процес на одлучување. Фокусирајќи се на веројатноста и сериозноста на казната и нејзиното влијание врз вкупниот износ на криминал, Бекер тврди дека веројатноста и сериозноста на казната може да го намали бројот на кривични дела со тоа што дејствува како одвраќање на криминал.

Вака поставените економски теории не се зависни толку од полот како погоре објаснетите. Сепак оние разлики меѓу половите кои беа потенцирани, нормално имаат свој удел и при носење на одлуката за впуштање во криминалитет и од еконосми аспект. Вагањето која една личност го прави за започнување или не со криминална активност и споредувањето на приходот над расходот, може е посоодветно да биде оставено на објаснување за индивидуална проценка при секој конкретен случај.

Но, ако го поставиме на теренот на полот мораме да ги земеме во предвид споменатите особини на жената: плашливост, нестабилност, помала одлучност за криминални дејствувања, поголема општествена контрола, поинтензивен страв од неисполнување на социо-културните очекувања, мајчинството и сл,. Тука би можеле да дадеме како размислување дека жените кои „ладнокрвно“ вршат кривични дела, притоа не размислувајќи за последиците, се оние кои патат од синдромот на миопско гледање кон иднината, односно сегашно ориентирани. Останатите, впрочем и поголемиот дел, би можеле да ги врстиме во групата на сторители кои вршат кривични дела од егзистенцијални причини.

Од овој агол, општопознатата општествена аномалија на второстепенување на женскиот пол дава свој белег и овде. Имено, ако ја пренесеме развиената *(под)теорија на економска маргинализација* на терен на економската, за истата би го дале објаснувањето дека жените вршат кривични дела како резултат на тоа што на пазарот на трудот се пониско платени, добиваат пониски работни позиции и ретко имаат водечки улоги во институциите каде работат, притоа неретко виктимизирани и манипулирани на работните места[28]. Феминистичките превирања, кои впрочем и ја издефиренцирале ваквата теорија, претставени од учењата и теориите на Дали и Чеснеј-Линд (Daly и Chesney-Lind)[29] се на став дека жените се мотивирани да вршат криминал како рационален одговор на сиромаштијата и економската несигурност која ја доживуваат. Па, како главни причини за впуштање на жената во криминал ги наведуваат невработеноста на жената, несоодветните наплаќања на трудот, зголемувањето на бројот на членовите во домот, односно грижата за многудетното семејство која води кон намалување на домашниот буџет на слободното време и сл[30]. Сепак на оваа теорија оправдано ѝ се префрла дека е недоследна и дека не дава соодветнно објаснување за криминалитетот кој го вршат жените кои имаат и дошле до повисоки работни позиции (иако поретко), како што се учеството во криминалитет на „бели јаки“, корпоративен криминалитет, од денешен аспект, криминалитетот на „розеви јаки“ и сл.

Надоврзувајќи се кон погоре кажаното мораме да ја издвоиме и, хронолошки, порано јавената *опортунистичка теорија или теорија на еманципација*, развиена од Адлер и Симон (Adler и Simon), кои уште при првиот бран на феминизам изразиле загриженост во однос на зголемувањето на криминалитетот на жената и неморалното однесување со растот на еманципацијата. Сепак, критиката која ја упатуваат следните бранови на феминистички размислувања сметаат дека и поради повеќе од тридеценсиско „постоење“ на струењето за еманципацијата на сцена, маргинализирањето на жената на пазарот на трудот не е намалено, а најмалку пак изгубено. Истражувањата на Дали во овој смисол, даваат податоци дека со еманципацијата не настанало драстичен пораст на вршењето на криминалитет на жена во професионални рамки, туку се

[28] Daly, Lind, C., Women and Crime: The Female Offender, 1986, цит.според Islam, M., Banarjee, S., Khatun, N., Theories of Female Criminality: A criminological analysis, International Journal of Criminology and Sociological Theory, Vol. 7, No. 1, 2014;

[29] Chesney-Lind, Meda, Women and Crime: The Female Offender, Sign, Vol-12, No-1, 1997, pg.78-96;

[30] Small, K., Female Crime in the United States 1963-1998: An Update, Gender Issues, (Summer), 2000 page75-90;

насочени кон банкарски измами, ситни кражби, измами со кредитни картички и сл. (од каде подоцна и идеата за криминалитет на розеви јаки). Исто така жените сѐ уште имаат значително помалку можности за вклучување во формалниот економски сектор, особено во земјите од третиот свет, а како резултат на тоа не вршат имотни кривични дела туку вршат насилен криминалитет. Со ова доаѓа на благо преовладување на теоријата за маргинализација над опртунистичката теорија. Но, големата слика е дека првиот феминистички бран и ова учење дале значајна подлога за криминолошко диференцирање на етиологијата кај половите, кое е револуционерен потфат во поглед на она кое го (до)развиваме денес.

**Заклучок**

Важноста за континуирано разгледување на веќе поставените теории е неминовна, како за развивање на нови со нивно критикување и доразвивање на постојните, така и за прогнозирање на криминалитетот. Етиолшкото изучување на причините за впуштање на жената во вршење на криминалитетот не смее да се сведе на проста анализа на причините поради кој стапката на застапеноста на жената во вкупниот евидентиран криминалитет е далеку пониска од онаа на мажот како престапник. Тоа треба да биде особено подлабинско и да се осврне кон тоа зошто воопшто жената врши кривични дела и кои се побудите и нормално последиците. Како што е исклучително важно за разбирањето и прогнозирањето на криминалитетот да се навлезе во мотивите за вршење на кривични дела, не помалку битно е и совладувањето на консеквенциите кои ја следат личноста по стореното злодело. Последицата која се заканува е и најчест елемент за првично одвраќање на лицата од вршење на кривични дела[31]. Колку лицето повеќе ја согледува последицата која ќе го следи на долг рок од стореното кривично дело и колку подетално и трезвено ја анализира, толку се намалува и желбата за вршење на кривични дела. Последицата е нормално она кое следи по извршувањето на кривичното дело на подолги временски стази. Казната која ја добива лицето осудено поради сторување на кривично дело е само мала најава на големата слика која претстои во животниот тек, а предизвикано од претходните криминогени дејствувања. Санкцијата е општествената реакција, и нереално е ако ја поистоветиме целосно со последицата. Последицата е многу поширока одошто санкцијата сама по себе и се афектуира врз поширок дијапазон на лица. Истите би можеле да ги класифицираме на неколку начини. Од една страна би ги поделиле во две основни групи: *интровертни* и *екстровертни*, во однос на тоа каде го оставаат својот импакт – како го погодуваат сторителот, а како поширокиот круг на нему блиски лица и односите кои ги воспоставува со општеството post festum. Или, гледано од друг агол, последиците можеме да ги сумираме согласно појдовните точки на нивно проучување па да ги сврстиме во три категории на гледишта: *на микро, мезо и макро ниво*. Како и да ја направиме нивната груба поделба, на крај можеме да заклучиме дека реално постојат четири категории на последици кои го следат животот на жената престапник на подолги патеки и тоа: социо – изолација, импликации врз семејниот живот, социјална и професионална ексклузија на жената и рецидивизам

Сепак, на полето на каузалитетот, не можеме, а да не забележиме дека некои тероии како оние врзани за работната вклученост на жената со нејзината криминална активиозација, се косат со типичниот рационален криминален модел применет за мажот криминалец. За мажот, се смета дека овие вклучености, во работниот труд и во криминалот, се субституираат, односно вклучувањето во едното го исклучува вклучувањето во другото, за разлика од дадените оправдувања погоре кои се однесуваа за жената, односно дека едното го надополнува другото. Рационалните модели се на тврдење дека исполнувањето на слободното време со работни обврски за мажот кои се профитабилни, ги намалува можностите за вклучување во криминалитет, особено поради профитабилни цели, затоашто истите ги добива на легален начин.

Инволвираноста на жената во криминалот сепак не секогаш е плод единствено на тоа дека таа се јавува сѐ почесто во улога на криминалец, туку и на фактот дека жената се почесто се јавува во улога на жртва[32], која акумулира сериозни психолошки нарушувања поради нејзино доведување и одржување во виктимизирана состојба. Виктимизацијата е сериозен индикатор

[31] Види повеќе кај: Wilson, J., Herrnstein, R., Crime Human Nature: The Definitive Study of the Causes of Crime, The free press, 1985;

[32] Walklate, S., Undarstanding criminology, current theoretical debates, third edition, Open University Press, 2007 pg. 84;

на метаморфозирање на улогата на жената од жртва во криминалец. Сè додека механизмите на институциите надлежни за препознавање на виктимизацијата се закржлавени во реагирањето во оваа насока, а реално сè уште се и не прогнозираме подобрување на долги стази, стапката на појавување на жената во улога на убиец или насилник од оваа точка ќе расте.

Сумарно, предвидувањата за женското учество во вкупниот криминалитет се подвојуваат, па со оглед на тоа дека жената не ги врши со ист интензитет сите кривични дела како мажот, и дека нејзината застапеност низ годините е сконцентрирана најмногу во одредени категории на кривични дела, се смета дека криминалитетот на жената ќе продолжува да се зголемува за оние кривични дела за чие извршување жените имаат поголеми можности и кои се најмногу конзистентни со традиционалните родови норми, како и дека учеството на жената би се намалувало или би било ниско во криминалитетот кој се разминува со традиционалните норми и за кој жените имаат мала можност за учество ви истиот[33].

За крај, би нагласиле дека мажите и жените се повеќе се движат во нетрадиционални улоги, па согласно тоа, објаснувањето на етиологијата, прогнозата и предвидувањето на движењето на криминалитетот воопшто, почнува да се отежнува. Бидејќи заклучивме дека традиционалните стереотипи ги ограничуваат жените од втурнување во криминалитет, голем дел од истражувачите се приклонуваат кон тоа дека стапката на женскиот криминалитет на долги стази ќе се зголеми како резултат на атипичноста на женската улога во денешницата и нејзиното доближување до машката. Но, и зачувувањето на традиционалната улога и живеењето под стереотипите не се покажала како позитивна во однос на ангажирањето на жената во криминалитет. Сопругите кои ги играат ваквите традиционални улоги во патријархалните семејства се исто така изложени на ризик, и тоа не само на виктимизација, туку и кон починување на насилен криминалитет кој неретко резултира со убиство. Како и тоа, дека емотивно потчинетите жени се многу полесни за криминогена манипулација од страна на мажите. Па така, со оглед на параметрите кои го чинат криминалитетот на жената и прогнозата која е далеку од блескава, сметаме дека проучувањето на причините за женското престапништво се суштински за натамошното успешно предвидување на движењето на криминалот воопшто, начинот на извршувањето на конкретни кривични дела, како и најсуштинското од сè, неговото сузбивање и превенирање.

**Користена литература**

[1] Арнаудовски, Љ., Кон етиолошките проблеми на стопанскиот криминалитет, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“- Скопје, том 41, 2004/2005
[2] Кајзер, Г., Криминологија, Александрија, Скопје, 1996,
[3] Константинович-Вилич, С. Жене Убице, Градина, ГРО „Просвета“, Ниш 1986
[4] Сулејманов, З., Македонска криминологија, Графохартија, Скопје, 2000
[5] Хајденсон, Френсис, Гелсторп, Лорен, Половите и Криминалитетот, Оксфордски прирачник за криминологија, Нампрес, Скопје:2010;
[6] Adler, F., Sisters in crime: The rise of the new female criminal. New York:McGraw Hill, 1975 цит. сп. Britton, M., D., The Gender of Crime, Rowman & Littlefield publisher, inc., 2011
[7] Anupama, J., Economic Theories of Crime and Delinquency, Journal of Human Behavior in the Social
[8] Armentrout, E., An Analysis Of Adler's Theory And The Female Criminal (master thesis), University of North Texas, 2004
[9] Becker, G., Crime and Punishment: An Economic Approach, Essays in the Economics of Crime and Punishment, University of Chicago and National Bureau of Economic Research, 1974, http://www.nber.org/chapters/c3625.pdf;
[10] Britton, M., D., The Gender of Crime, Rowman & Littlefield publisher, inc., 2011
Chesney-Lind, Meda, Women and Crime: The Female Offender, Sign, Vol-12, No-1, 1997
[11] Daly, Lind, C., Women and Crime: The Female Offender, 1986,
Environment, School of Social Welfare, University of California at Berkeley, Berkeley, California, USA, 2011;

[33] Schwarts, J., Steffensmeier, D., The nature of female offending: Patterns and Explanations, Jones and Barlett Publisher, pg. 65;

[12] Exner, F., Kriminilogije, Berlin, 1949
[13] Geltner, G., No-woman's land? On Female Crime and Incarceration, past, present and future, Justice Policy Journal, The Center On Juvenile and Criminal Justice, Vol.7 No.2, 2010
Gender and crime: explaning female offending, http://law.jrank.org/pages/1251/Gender-Crime-Explaining-female-offending.html
[14] Heidensohn, Frances, Gender and Justice, New concepts and approaches, Willan Publishing, Portland, 2006
[15] Islam, M., Banarjee, S., Khatun, N., Theories of Female Criminality: A criminological analysis, International Journal of Criminology and Sociological Theory, Vol. 7, No. 1, 2014;
[16] Lombrozo, C., Ferrero, G., Criminal Woman, The prostitute and the Normal Woman, translated by Nicole Hahn Rafter and Mary Gibson, Duke University Press, Durham and London, 2004;
[17] Maguire, M., Morgan, R., Reiner, R., The Oxford handbook of criminology fourth edition, Oxford University Press, 2007
[18] Mason, E., The 'born criminal'? Lombroso and the origins of modern criminology, 2015,
Pollak, O., The Criminality of Women, Philadelphia: University of Penssylvania Press, 1950;
Schwarts, J., Steffensmeier, D., The nature of female offending: Patterns and Explanations, Jones and Barlett Publisher
[19] Simonovic, V., Kriminalitet zena, doktorska disertacija;
[20] Small, К., Female Crime in the United States 1963-1998: An Update, Gender Issues, (Summer), 2000
[21] Walklate, S., Undarstanding criminology, current theoretical debates, third edition, Open University Press, 2007
[22] Wilson, J., Herrnstein, R., Crime Human Nature: The Definitive Study of the Causes of Crime, The free press, 1985;
[23] http://law.jrank.org/pages/1251/Gender-Crime-Explaining-female-offending.html;
[24] http://www.jblearning.com/samples/0763741159/Ch2_Female_Offenders_2e.pdf;
[25] http://www.historyextra.com/article/feature/born-criminal-lombroso-origins-modern-criminology;
[26] https://medicalschoolcom.wordpress.com/2016/03/31/%D1%84%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%BE%D0%B7%D0%BE%D0%BA%D0%BE%D1%82/